Врз основа на член 50 од Статутот на Интернационалниот универзитет ЕУРОПА ПРИМА Скопје, Сенатот на Универзитетот на седница одржана на 07.10.2020 година го донесе следниот

ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - СКОПЈЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

*Цели*

Член 1

Со цел да се одржува и да се унапредува угледот и интегритетот на ИУ Еуропа Прима - Скопје (во понатамошниот дел од текстот Универзитетот), Универзитетскиот Сенат го објавува овој Етички кодекс, во кој се поставуваат основните етички стандарди кои се однесуваат на студентите, на членовите на академската заедница и на вработените на Универзитетот. Овие правила се во согласност со законските стандарди и обврски, како и со општоприфатените правила на етичко однесување во рамките на академските заедници.

Етичкиот кодекс на Универзитетот се стреми кон градење и одржување високи професионални и етички стандарди меѓу членовите на академската заедница, да ја зацврсне лојалноста, да овозможи транспарентност и општествена одговорност, и да поттикне слобода во научните истражувања, наставата и учењето, како и да промовира позитивен јавен углед на Универзитетот.

*Примена на Кодексот*

Член 2

Кодексот се применува на професионалното и јавното функционирање на сите членови на универзитетската заедница, вклучувајќи го наставно-научниот кадар, студентите, вонраставниот персонал, како и лицата кои не се членови на академската заедница, но учествуваат во работата на Универзитетот.

Органите и телата на Универзитетот, како и неговите членови, се должни во рамките на нивните надлежности да се грижат за спроведување и унапредување на етичките стандарди на Универзитетот во согласност со Кодексот. Тие исто така треба да обезбедат потребни услови за запознавање на членовите на универзитетската заедница со сите законски правила кои се однесуваат на нивните права и обврски.

## II НАЧЕЛА

*Слобода на мислата и изразувањето*

Член 3

Членовите на универзитетската академска заедница се слободни и одговорни, во својата работа да ја бараат и бранат вистината потикнувајќи ја слободата и одговрниот пристап кон учењето и прикажувањето на стекнатото знаење.

Универзитетот ја поддржува и охрабрува слободата на мислата и изразувањето на членовите на академската заедница на Универзитетот.

*Колегијалност*

Член 4

Членовите на универзитетската заедница се обврзани да ги негуваат односите во соработка кои се заснова на взаемно почитување, почит и разбирање, земајќи ги предвид академските интереси на Универзитетот како целина.

*Интегритет*

Член 5

Имајќи го во предвид општото добро, членовите на универзитетката заедница се должни да го зачуваат интегритетот на Универзитетот и неговите членови да работаат совесно, одговорно и посветено, според нивното најдобро знаење.

*Почитување на правата*

Член 6

Универзитетот е должен да обезбеди на секој член на универзитетската заедница уживање на сите права кои произлегуваат од неговиот статус, како и почитување на правата загарантирани со Уставот и законите.

Правата на членовите на универзитетската заедница може да бидат ограничени само кога тоа е неопходно за заштита на правата на другите членови, во согласност со законот, обврските на Универзитетот и неговите цели и само до степен кој е неопходен.

*Почитување на интегритетот и достоинството на личноста*

Член 7

Личноста на секој член на универзитетската заедница мора секогаш да се почитува, во согласност со уставните и законските гаранции, интегритет, достоинство и право на приватност.

*Автономија на наставната работа*

Член 8

Членовите на универзитетската заедница имаат право на автономија на Универзитетот, во рамките на нивните должности и овластувањата утврдени со законот и општите акти на Универзитетот, а во согласност со прописите и целите на Универзитетот.

Членовите на универзитетската заедница имаат право на непречен академски и професионален развој и обука, до степенот до кој истото право на другите не е загрозено.

*Еднаквост*

Член 9

На членовите на универзитетската заедница им се загарантирани еднакви услови за вршење професионални обврски, како и изразување на интелектуални и уметнички способности и напредок.

*Академска етичност*

Член 10

Академската етичност на членовите на универзитетската заедница се заснова на автономијата на академската, уметничката и научната работа, спроведувањето на оригинални и авторски истражувања, презентирањето на сопствените резултати, и строгото почитување на авторските права на другите.

*Професионализам*

Член 11

Припадниците на универзитетската заедница се обврзани своите обврски кон студентите, колегите и вработените на Универзитетот и неговите членови, да ги извршуваат одговорно, совесно и професионално, придржувајќи се кон принципите на објективност, непристрасност и взаемно почитување.

Членовите на универзитетската академска заедница имаат обврската континуирано да ги подобруваат нивните вештини, почитувајќи ги критериумите на стручност, компетентност и квалитет.

*Забрана за дискриминација*

Член 12

Забранета е било каква форма на дискриминација на Универзитетот.

Дискриминацијата значи било какво неоправдано правење на разлики или нееднаков третман, отворен или таен на кој било начин, а особено врз основа на раса, пол, националност, социјално потекло, религија, политичко или друго верување, финансиска состојба, култура, јазик, возраст и попреченост.

Стручноста, способноста и професионалната заслуга, како и квалификации и резултати во извршувањето на активностите на работните места и задачи, се единствените релевантни критериуми за евалуација и промоција на членовите на академската заедница.

*Принцип на непристрасност*

Член 13

Членовите на универзитетската заедница се должни да се придржуваат кон принципите на непристрасност и да избегнуваат формирање ставови или мислења за поединци, социјални групи или активности кои не се засновани на искуства или рационални аргументи. Тие не смеат да дозволат неоправдани генерализации кои можат да влијаат врз нивната објективност во академските, истражувачките, административните, деловните и управните активности.

*Принцип на одговорност*

Член 14

Членовите на универзитетската академска заедница се должни да ги застапуваат интересите на Универзитетот во духот на развој на академската слобода, особено во

однос на истражувањето, аргументацијата, критиката, толеранцијата и одговорното барање на најоптимални решенија.

Како неодговорно однесување ќе се смета:

- небезбедно управување со работните места, ресурсите и средствата, како и попречување на нивната употреба од други членови;
- користење на имотот на Универзитетот за приватни, комерцијални, политички, религиозни и други неуниверзитетски цели без соодветно одобрение во согласност со закон;
- користење на името и угледот на Универзитетот за приватни комерцијални или некомерцијални цели, со што би се создал впечаток дека Универзитетот стои зад тие активности.

## III ЕТИЧКИ ПРАВИЛА ВО НАСТАВНАТА И НАУЧНАТА РАБОТА

*Должности на универзитетската заедница*

Член 15

Универзитетската заедница е должна во текот на траењето на студиите, а особено на почетокот на првата година од сите нивоа на студии, да ги запознава студентите со правилата и должностите на академската заедница.

Наставниците на Универзитетот се должни да:

- обезбедат репрезентативност, релевантност, точност и прецизност на содржината на предметот и соодветната позиција на предметот во рамките на студиската програма;
- да се стремат и пренесуваат квалитетни академски сознанија од нивните области и предмети кои се изучуваат на студиите;
- да им ги обезбедат на сите студенти истите можности за стекнување знаење;
- ја оценуваат работата на студентите отворено, праведно, објективно и навремено;
- совесно ја проверуваат секоја пишана работа или авторска работа на студентот и да обратат посебно внимание на тоа дали оваа работа содржи некаква форма на неакадемско однесување
- да обезбедат транспарентност и публицитет на испитите и објективност во проценките;
- да ги почитуваат образовните цели, стратегиите и стандардите на Универзитетот и неговите членови.

*Плагијаторство и лажно авторство*

Член 17

Плагијатизам е презентација на туѓи идеи или нечија друга работа, целосно или делумно, без упатување на оригиналното авторство или оригиналот, или незаконско преземање на други интелектуални креации и научни резултати за да се прикаже како свој.

Лажното авторство е наведување како автор на лице кое не учествува во работата на изработката на трудот.

Плагијатот и лажното авторство не се дозволени во научните истражувања и уметничките остварувања, како и во семинарски, дипломски или завршни трудови,

специјалистички и магистерски трудови, трудови кои се објавуваат во списание, учебник, монографија,итн.

*Заштита на авторски права и права на интелектуална сопственост*

Член 18

Членовите на универзитетската академска заедница ќе се залагаат за унапредување и промовирање на почитувањето на авторските права и правата на интелектуална сопственост.

Универзитетот и неговите членови ги штитат авторските права и правата на интелектуална сопственост на сите членови на универзитетската заедница.

*Корупција*

Член 19

Членовите на универзитетската заедница се должни да пријават било каков обид за корупција на Универзитетот, во согласност со законот.

*Правно и непристрасно вршење професионални обврски*

Член 20

Членовите на универзитетската заедница се обврзани своите професионални и универзитетските должности да се изведуваат во согласност со законот и непристрасно.

Членовите на универзитетската заедница не смеат да ја користат повисоката позиција за стекнување на бенефиции за себе или поврзано лице.

*Вонуниверзитетски активности на членови универзитетска заедница*

Член 21

Членовите на универзитетската заедница не можат да вршат вонуниверзитетска работа или активност во која е спротивност на нивните професионални обврски кон Универзитетот или влијаат врз нивниот интегритет и објективност.

*Конфликт на интереси*

Член 22

Припадниците на универзитетската заедница се обврзани да избегнуваат конфликт на интереси.

Конфликт на интереси е ситуација во која приватниот интерес на член од универзитетска заедница, или приватен интерес на лице поврзано со него, влијае или можат да влијае на законитото и непристрасно остварување на професионалните обврски (донесување професионални одлуки или преземање професионални активности) и универзитетските должности од страна на член на академската заедница.

Приватен интерес е било каква корист или погодност за член на универзитетска заедница или поврзано лице.

*Транспарентност и доверливост*

Член 23

Членовите на универзитетската заедница се залагаат за транспарентност во работењето на Универзитетот.

Членовите на универзитетската заедница кои располагаат со доверливи информации се обврзани да ја заштитат нивната доверливост. Под доверливи информации се подразбираат податоци кои се утврдени со закон, општите акти на Универзитетот или одлуките на надлежните органи.

Не е дозволено откривање на доверливите информации од став 2 на други членови на универзитетската заедница или трети страни, освен ако тоа е дел од редовното работење на Универзитетот, или ако постои правна основа или професионална обврска за такво откривање.

*Професионално напредување*

Член 24

Оценувањето и извршувањето на професионалните обврски и професионални компетенции на член на универзитетската заедница мора да биде објективно, непристрасно и базирано на воспоставени транспарентни критериуми. Академската заедница е должна да ги процени условите за професионалниот напредок на своите членови, исклучиво врз критериуми кои се релевантни за извршување на професионалните должности, односно, за докажана експертиза, талент и професионални резултати.

Се забранува каква било форма на дискриминација во постапката оценување на условите за професионална промоција.

Сите членови на универзитетската заедница имаат еднакви услови за унапредување врз основа на проценка на исполнувањето на професионалните обврски.

*Јавна презентација*

Член 25

Членовите на универзитетската академска заедница имаат право на јавен настап и слобода на изразување, вклучително и во средствата за јавна комуникација, како и за слободно изразување на ставови.

Членовите на универзитетската академската заедница нема индиректно или директно да вршат забрана, мешање, ограничување или било какво условување на јавните настапи на другите членови на академската заедница или слободата на изразување во тие настапи.

Членовите на универзитетската академска заедница кои јавно дејствуваат во име на Универзитетот, се должни да даваат изјави во јавноста во согласност со највисоките етички и професионални стандарди на Универзитетот.

## IV ОРГАН ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КОДЕСКОТ

*Комитет за етика*

Член 26

Процесот на утврдување на повреда на Кодексот и етичките стандарди е во надлежност на Комитетот за етика.

Член 27

Составот и надлежноста на Комитетот за етика се утврдува од страна на Сенатот на Универзитетот.

## V ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 28

Овој Кодекс влегува во сила на Интернационалниот универзитет ЕУРОПА ПРИМА Скопје на денот на донесувањето.

Проф. Миле Петковски,
Претседател на Сенат на ИУ Еуропа
Прима - Скопје

_______________________________